MS.8

ВОДИЧ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ НА ГРАНТОВИ ПРОГРАМИ

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Ноември 2026 година

Co-funded by the European Union

European Digital Innovation Hubs Network

Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

European Digital Innovation Hub – DigitMak is co-funded by the European Commission through the EUROPEAN HEALTH AND DIGITAL EXECUTIVE AGENCY (HADEA), Grant Agreement N° 101269015

Автори: Донев Михајло
Матракоски Даниел
Мојсовска Ирена
Стерјовска Ана
Штерјова Душковска Татјана

Работен пакет WP5
Датум на поднесување 9 ноември 2026
Ниво на дисеминација Јавно

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Историјат на верзии

Верзија	Датум	Автор	Соработници	Опис
v0.1	28/09/2026	Ана Стерјовска, Татјана Штерјова Душковска		Прв нацрт на поглавја од водичот
V0.2	01/10/2026	Ирена Мојсовска		Прв нацрт на поглавје од водичот
V0.3	09/10/2026	Даниел Матракоски, Михајло Донев		Прв нацрт на поглавје од водичот
V0.4	15/10/2026	Ана Стерјовска, Татјана Штерјова Душковска Ирена Мојсовска Даниел Матракоски Михајло Донев		Прв нацрт на комплетираната верзија на водичот
V0.5	26/10/2026	Ана Стерјовска, Татјана Штерјова Душковска Ирена Мојсовска Даниел Матракоски Михајло Донев	Кристина Дерибан	Интерна ревизија на водичот
V0.6	02/11/2026	Ана Стерјовска, Татјана Штерјова Душковска Ирена Мојсовска Даниел Матракоски Михајло Донев	Стево Серафимов	Графичко и техничко уредување на водичот
V1.0	09/11/2026	Ана Стерјовска, Татјана Штерјова Душковска Ирена Мојсовска Даниел Матракоски Михајло Донев		Финална верзија

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Напомена

Европскиот центар за дигитални иновации – ДигитМАК е кофинансиран од Европската комисија преку Европската извршна агенција за здравство и дигитализација (HADEA), во рамките на Договорот за грант бр. 101269015 и од Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија.

Изнесените ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не мора нужно да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или на Европската комисија. Ниту Европската Унија, ниту органот што го доделил грантот не можат да се сметаат за одговорни за нив.

За повеќе информации во врска со ДигитМАК, посетете ја страницата www.digitmak.mk.

Co-funded by the European Union

European Digital Innovation Hubs Network

Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Содржина

Вовед 6
1 Критериуми за подобност 8
1.1 Дефиниција на МСП 9
1.2 Сопственички и регистрациски услови 11
2 Процес на аплицирање 14
2.1 Идентификување на релевантен повик 14
2.2 Проверка на подобноста 15
2.3 Развивање на проектната идеја 15
2.4 Подготовка на проектниот предлог 16
2.5 Подготовка на буџетот 16
2.6 Прибирање на потребната документација 17
2.7 Рокови и поднесување 17
2.8 По поднесувањето 18
3 Евалуација и селекција 20
3.1 Систем на бодување 20
3.2 Транспарентност и постапка за жалби 20
4 Спроведување и известување 21
4.1 Потпишување договор 21
4.2 Обврски за следење и известување 21
4.3 Барања за ревизија и усогласеност 21
5 Услуги за поддршка 22
5.1 Стопански комори 22
5.2 ДигитМАК и Европска мрежа на бизнис-можности (EEH) 22
5.3 Консалтинг и советодавни услуги 23
6 Национални фондови и програми за финансирање 25
6.1 Извори на финансирање - Национални фондови и програми 25
6.2 Насоки за подготовка на успешна апликација за грант 29
7 Можности и чекори за аплицирање на македонските компании на ЕУ програми 31
7.1 Преглед на клучните ЕУ-програми 31
7.2 Табеларен приказ на ЕУ-програми: буџет, максимален износ на грант и линкови до програмите 33
7.3 Патоказ за аплицирање за македонските компании (чекор-по-чекор) 34

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Вовед

Малите и средните претпријатија (МСП) се столбот на националната економија. Како и во Европската Унија, така и во Северна Македонија, тие сочинуваат околу 99% од сите компании и обезбедуваат работа за речиси три четвртини од вработените. Нивната улога е особено значајна за економскиот раст, поттикнување иновации и одржување на социјалната стабилност.

Овој Водич, изработен од Стопанската комора на Северна Македонија во рамки на Европскиот дигитален иновациски хаб - ДигитМАК, има цел да ги поддржи малите и средните претпријатија (МСП) во идентификувањето, подготовката и пристапот до соодветни можности за финансирање. Обезбедувањето надворешно финансирање може да им помогне на МСП да лансираат нови производи и услуги, инвестираат во истражување и иновации, да ја подобрат продуктивноста, да го олеснат пристапот до примена на дигитални и зелени технологии, настап на нови пазари и да ја зајакнат својата долгорочна конкурентност. Сепак, програмите за финансирање често се разликуваат во нивните цели, барања за подобност, процедури за аплицирање, правила за кофинансирање и обврски за известување. Ова упатство нуди јасна и практична почетна точка, подобро разбирање на овие можности и развој на посилни, поконкурентни и поуспешни грантови апликации.

Водичот е наменет за МСП во различни фази од развојот, вклучувајќи стартапи, бизниси во раст и веќе воспоставени компании кои планираат инвестиции или иновативни активности. Тој има цел да ги намали административните бариери, да го подобри квалитетот на апликациите и да им помогне на МСП да ги усогласат своите деловни потреби со најрелевантните инструменти за финансирање.

МСП можат да пристапат до финансирање од неколку комплементарни извори како што се:

- **Државно финансирање** - кое опфаќа национални или регионални грантови, субвенции, заеми, гаранции, даночни олеснувања и други механизми за поддршка утврдени од јавните власти. Овие инструменти можат да бидат насочени кон области како што се раст на бизнисот, вработување, енергетска ефикасност, дигитализација, развој на извозот или инвестиции во опрема и инфраструктура. Условите за подобност и аплицирање може да се разликуваат во зависност од самиот донатор, регион, сектор, големината на компанијата и намената на активноста за која се однесува поддршката.

  Финансирањето на иновациите го поддржува развојот и комерцијализацијата на нови или подобрени производи, услуги, процеси и бизнис-модели. Може да финансира активности како што се истражување и развој, развој на прототипови, тестирање, трансфер на технологија, соработка со истражувачки организации и заштита или експлоатација на интелектуална сопственост. Програмите ориентирани кон иновации често го проценуваат новитетот на предложеното решение, неговата техничка и комерцијална изводливост, квалификациите на проектниот тим и неговото потенцијално влијание на пазарот и општеството.

- **Финансирањето од Европската Унија** нуди можности за малите и средни претпријатија преку централно управувани програми и средства спроведени на национално или регионално ниво. Поддршката од ЕУ може да се фокусира на истражување и иновации, дигитална трансформација, климатски и еколошки цели, регионален развој, вештини, интернационализација и претприемништво. Во зависност од програмата, поддршката може да се обезбеди преку грантови, капитални вложувања, заеми, гаранции или комбинирано финансирање. Проектите финансирани од ЕУ вообичаено бараат јасна

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation


логика на интервенција, мерливи резултати, солидно финансиско планирање, усогласеност со важечките правила и – особено кај повиците за соработка – партнерства што опфаќаат организации од различни земји.

- **Финансирањето од други меѓународни донатори и организации** исто така отвора значајни можности за МСП. Преку програми на Европската банка за обнова и развој (ЕБРД), Светска банка (СБ), како и билатерални иницијативи од Германија, Швајцарија, Шведска, Јапонија и други развиени земји, компаниите можат да пристапат до грантови, поволни заеми, гаранции и техничка помош.

  Програмите на ЕБРД како што се: Trade Facilitation Programme (TFP), Small Business Impact Fund (SBIF), Eastern Europe Energy Efficiency and Environment Partnership (E5P) High-Impact Partnership on Climate Action (HIPCA), во фокус ги имаат областите инфраструктура, енергетска ефикасност, зелена економија и поддршка на приватниот сектор.
  Програмите на Светска банка (СБ) како што се: International Development Association (IDA), International Finance Corporation (IFC), Multilateral Investment Guarantee Agency (MIGA) и International Centre for Settlement of Investment Disputes (ICSID), во фокус ги имаат областите инфраструктура, климатски промени, дигитална трансформација и институционален развој.

  Билатералните иницијативи исто така имаат наменски програми за поддршка на приватниот сектор, а од особено значење се програмите на: Германска агенција за меѓународна соработка (GIZ), Швајцарскиот државен секретаријат за економски прашања (SECO), Шведската меѓународна агенција за развој и соработка (SIDA) и Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA). Преку овие програми се обезбедува поддршка за одржлив развој, енергетска ефикасност и дигитална трансформација. Овие фондови често се насочени кон јакнење на конкурентноста, поттикнување иновации, зелена економија и интернационализација на бизнисите.

Достапноста на средства не гарантира поддршка; секој предлог мора да покаже јасна потреба, веродостоен план за спроведување, исплатливост и мерливи придобивки. Затоа, малите и средните претпријатија се охрабруваат внимателно да ги разгледаат програмските барања, да ги изберат можностите што се усогласени со нивните стратешки цели и да започнат со подготовките многу пред крајниот рок за аплицирање. За успешен пристап, потребни се добро структуриран проект, јасни цели и партнерства што обезбедуваат регионална и глобална додадена вредност. Овој Водич служи како практичен извор на информации што ќе им помогне успешно да го сторат тоа.



Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

1 Критериуми за подобност

Идентификувањето соодветни повици за аплицирање е еднакво важно колку и самите критериуми за подобност. Тие претставуваат основни услови што апликантот мора да ги исполнува за неговата апликација да може да биде разгледувана во рамките на самиот повик. Критериумите за подобност најчесто се однесуваат на големината на претпријатието, регистрираната дејност, секторот на работење, сопственичката структура, местото на регистрација и исполнувањето на законските обврски.

Кај критериумите од особена важност е да се разликуваат поимите:

- **Подобност** (Eligibility) – дали апликантот воопшто има право да аплицира;
- **Прифатливост на трошоците** (Eligible costs) – кои трошоци може да бидат предмет на финансирање (оправдани трошоци);
- **Критериуми за оценување** (Evaluation criteria) – како ќе се оценува квалитетот на проектната апликација.

Самото исполнување на критериумите за подобност не гарантира добивање грант, туку е само прв чекор за осигурување дека компанијата апликант одговара на целната група за која се однесува поддршката. Апликацијата мора да ги исполни и условите за оценување и да биде избрана во рамките на расположливиот буџет.

Во зависност од целта на грантот, како подобни апликанти може да се определат:

- микро, мали и средни претпријатија (ММСП);
- стартапи и новоосновани претпријатија;
- компании што работат во конкретни индустриски сектори;
- компании со одредено ниво на дигитална или зелена трансформација;
- земјоделски производители или земјоделски претпријатија;
- претпријатија регистрирани во определен регион;
- конзорциуми или партнерства, доколку тоа е предвидено со повикот.

ПРАКТИЧЕН СОВЕТ: Пред да започнете со подготовка на проектот, проверете дали вашата компанија ги исполнува сите задолжителни услови. Доколку не исполнувате само еден услов означен како „mandatory“ или „must“, апликацијата може да биде оценета за неподобна без оглед на квалитетот на проектната идеја.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

1.1 Дефиниција на МСП

Повиците за финансирање во форма на грант-механизми во најголем дел се фокусираат на поддршка на МСП, па оттука важен сегмент е правилното утврдување на големината на претпријатието како правен субјект. Во зависност од тоа дали станува збор за национален, ЕУ или повик од друг меѓународен субјект, компанијата ќе треба соодветно да процени во која категорија спаѓа.

1.1.1 Дефинирање на МСП според македонското законодавство

Класификацијата на компаниите на мали, средни и големи компании во македонското законодавство е утврдена со Законот за трговските друштва (ЗТД) и дополнително прецизирана преку Законот за финансиска поддршка на инвестиции и критериумите на Државниот завод за статистика. **Основните параметри се број на вработени, годишен приход и вкупна актива** (вредност на вкупните средства по годишните сметки во последните две години). ЗТД ги поимува компаниите, односно претпријатијата како трговци.

Категорија	**Број на вработени**	**Годишен приход**	**Просечна вредност на средствата**	**Категорија**
Микро	до 10	до 50.000 €	—	Микро
Мало	до 50	< 2.000.000 €	< 2.000.000 €	Мало
Средно	до 250	< 10.000.000 €	< 11.000.000 €	Средно
Големо	над критериумите за МСП	—	—	Големо

Табела 1. Класификација на компании согласно со ЗТД

При подготовка на грантов повик не треба автоматски да се користи само бројот на вработени како дефиниција за МСП. Потребно е да се проверат сите релевантни критериуми согласно со важечкото законодавство и условите на конкретниот повик. Кај малите и средните компании (трговци), класификацијата се утврдува со исполнување на **најмалку два од трите критериуми** – број на вработени, годишен приход и просечна вредност на вкупните средства.

1.1.2 Дефинирање на МСП според Европската комисија

Класификацијата на мали и средни претпријатија е од клучно значење за пристапот до финансии и до програмите за поддршка на ЕУ. Сепак, кога МСП ќе надраснат одредена големина, тие често се соочуваат со значително зголемување на обврските за усогласеност, што може да создаде ефект на „остар праг“ (т.н. „cliff-edge“ ефект) кој го обесхрабрува растот и ја ограничува конкурентноста. Главните фактори што одредуваат дали едно претпријатие е МСП се: бројот на вработени, прометот или вкупниот износ на билансот на состојба. Со цел да ги поддржи бизнисите во развој, Европската комисија воведе нова категорија за мали претпријатија со средна пазарна капитализација (Small-Mid-Cap или SMC). Дефиницијата за SMC се однесува на компании што ја надминале дефиницијата за мали и средни претпријатија (МСП).

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Категорија	**Број на вработени**	**Годишен приход**	**Просечна вредност на средствата**	**Категорија**
Микро	до 10	< 2.000.000 €	< 2.000.000 €	Микро
Мало	до 50	< 10.000.000 €	< 10.000.000 €	Мало
Средно	до 250	< 50.000.000 €	< 43.000.000 €	Средно
SMC (Small mid-caps)	до 750	< 150.000.000 €	< 129.000.000 €	SMC

Табела 2. Класификација на компании согласно со Европската комисија

1.1.3 Секторски пристап на критериуми

Повиците со кои се обезбедува поддршка на МСП, не исклучиво, но може да се однесуваат само за компании кои работат во определени сектори. Во самиот повик најчесто се потенцираат економските сектори кои се подобни или областа во која се очекува да се остварат одредени цели со поддршката.

1. **Производство;** компаниите од производствениот сектор може да бидат подобни доколку нивната основна или релевантна регистрирана дејност е поврзана со производство.

   Примери на активности кои може да бидат опфатени: производство на машини и опрема, автомобилска индустрија и компоненти, прехранбена индустрија, текстил и облека, производство на метални производи, производство на електрична и електронска опрема, пластика и други материјали, производство поврзано со Индустрија 4.0.

   Компании од секторот Производство преку грантова поддршка може да спроведуваат проектни идеи поврзани со: воведување автоматизирана производна линија, IoT-сензори, роботизација, дигитален систем за следење на производството или ERP/MES-решение.

2. **Информациски и комуникациски технологии (ИКТ);** може да опфати компании кои развиваат или нудат: софтвер и дигитални решенија, услуги базирани на облак, кибербезбедност, анализа на податоци (Data Analytics), вештачка интелигенција (AI), IoT-решенија, финтек, дигитални платформи, телекомуникациски и други ИКТ-услуги, односно компании од ИКТ-секторот како даватели на технологии.

   Покрај повици кои се наменети за ИКТ-компании од секторот, постојат и повици кои имаат цел да ја поттикнат дигиталната трансформација на преостанатите сектори да инвестираат во ИКТ-технологии. Така, подобна компанија може да биде и производствена компанија која воведува ВИ-систем за оптимизација на производството иако не е ИКТ-компанија.

3. **Земјоделство и агро-прехранбен сектор;** опфаќа компании: производители на земјоделски производи, фарми, преработувачи на земјоделски производи, месо, јајца и млеко, агро-технолошки компании и компании кои воведуваат паметно земјоделство.

   Компании од земјоделскиот и агро-прехранбениот сектор, преку грантова поддршка може да спроведуваат проектни идеи поврзани со: smart farming-технологии, сензори

Co-funded by the European Union
EDIH European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

и IoT, автоматизирани системи за наводнување, дронови и дигитално следење, прецизно земјоделство, дигитални платформи, енергетска ефикасност, намалување на отпадот и употребата на ресурси.

4. **Зелена економија;** грантовите за зелена трансформација може да бидат насочени кон компании од разни сектори, а кои инвестираат во: енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, намалување на емисиите, декарбонизација, циркуларна економија, повторна употреба и рециклирање, ефикасно користење на вода и суровини, зелена производствена технологија, чисти технологии и намалување на отпадот.

1.2 Сопственички и регистрациски услови

1.2.1 Сопственички услови

Сопственичката структура често претставува **критичен критериум за подобност**, па оттука секоја компанија-апликант е потребно да ги исполнува основните критериуми, кои налагаат апликантот да биде:

- правно регистриран субјект;
- регистриран во Република Северна Македонија, доколку тоа е услов на повикот;
- активен во моментот на аплицирање;
- регистриран за соодветната економска дејност;
- регистриран во Регистарот на учесници на ЕК со доделен PIC-број (EU Funding & Tenders Portal – Participant Register), доколку се аплицира на европски проект.
- способен да ги исполнува договорните и финансиските обврски поврзани со грантот.

Во зависност од изворот на финансирање, може да се постават дополнителни услови во однос на: домашна или странска сопственост, процент на домашно учество, директна или индиректна државна сопственост, поврзани претпријатија, матични и зависни друштва, вистински сопственик, компании во тешкотии[1] и конфликт на интереси.

Странската сопственост сама по себе не треба да се смета за услов за исклучување, освен ако тоа експлицитно не произлегува од правилата на конкретниот грант-механизам.

1.2.2 Регистрациски статус

За да биде подобна, компанијата вообичаено треба да може да **докаже дека е регистрирана и дека нејзината дејност е усогласена со предметот на грантот**. Во самиот повик најчесто се потенцира доколку е потребно да се прибави дополнителна документација како доказ. Доколку самиот повик тоа не го потенцира, компанијата-апликант може, но и не мора да достави дополнителни документи како доказ.

[1] Стечај или несолвентност; неисплатени обврски; претходна државна помош која што се уште не е затворена.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Како доказ може да се бара:

- тековна состојба/основен профил од Централниот регистар;
- доказ за регистрација;
- податоци за регистрираната главна и/или релевантна дејност;
- финансиски извештаи;
- годишни сметки;
- даночни потврди;
- изјава за сопственичката структура;
- податоци за вистинскиот сопственик.

ПРАКТИЧЕН СОВЕТ: Секој од повиците кои се предмет за подготовка на грант-апликација ги предвидуваат критериумите за подобност, но исто така секоја програма е врзана со соодветен Програмски водич (Program Guide) кој неопходно е да се прочита за подобро разбирање на целите на програмата и подобноста за учество. Секогаш проверувајте го конкретниот грант-механизам. Терминот „МСП“ не значи дека сите грантови ги применуваат истите критериуми. Донаторот или институцијата што го објавува повикот може да дефинира дополнителни услови во однос на секторот, годината на регистрација, сопственоста, локацијата, финансиската состојба или видот на инвестицијата.

Најчести причини поради кои апликацијата може да биде прогласена за неподобна се:

- апликантот не спаѓа во целната категорија на корисници;
- компанијата ја надминува дозволената големина;
- регистрираната дејност не е опфатена со повикот;
- компанијата не е регистрирана или активна во бараниот период;
- сопственичката структура не ги исполнува условите;
- недостигаат задолжителни документи;
- не се исполнети условите поврзани со даночни или други законски обврски;
- проектот е надвор од секторскиот или тематскиот опфат на грантот.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

На самиот крај препорачуваме да користите **контролна листа (checklist)** на која ќе се потврдите дали ги исполнувате бараните услови:

☐ Дали мојата компанија е регистрирана во земјата/регионот што е опфатен со повикот?

☐ Дали компанијата спаѓа во категоријата микро, мало или средно претпријатие, доколку повикот е наменет за МСП?

☐ Дали ги исполнувам критериумите за број на вработени, приход и средства?

☐ Дали мојата регистрирана дејност е опфатена со повикот?

☐ Дали секторот во кој работам е подобен – производство, ИКТ, земјоделство, зелена економија или друг наведен сектор?

☐ Дали сопственичката структура ги исполнува условите на повикот?

☐ Дали компанијата е активна и регистрирана во периодот определен со повикот?

☐ Дали ги имам исполнето законските и даночните обврски што се бараат?

☐ Дали имам достапни финансиски извештаи и други документи за докажување на подобноста?

☐ Дали компанијата или проектот не е исклучен поради други ограничувања наведени во повикот?




Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

2 Процес на аплицирање

Успешното аплицирање за финансиска поддршка започнува многу пред поднесувањето на апликацијата. Компанијата треба навремено да ги идентификува релевантните можности за финансирање, да ги процени условите и својата подобност, да подготви јасен и реален проект и да обезбеди целосна документација во согласност со барањата на повикот.

Процесот може да се подели во **неколку основни чекори:**



2.1 Идентификување на релевантен повик

Првиот чекор е идентификување на **повик кој одговара на потребите, плановите и профилот на компанијата.** Не секој достапен повик е соодветен за секоја компанија, дури и кога темата на повикот е релевантна.

При изборот на повикот треба да се проверат најмалку следните елементи:

- кој може да аплицира – микро, мали и средни претпријатија, големи компании, стартапи, конзорциуми и сл.;
- кои дејности или сектори се опфатени;
- кои активности се прифатливи за финансирање;
- максималниот и минималниот износ на поддршката;
- процентот на кофинансирање што треба да го обезбеди компанијата;
- времетраењето на проектот;
- територијалниот опфат;
- рокот за поднесување;
- начинот на аплицирање;
- критериумите според кои ќе се оценува проектот;
- дали постојат дополнителни услови, како минимален период на постоење на компанијата, број на вработени, претходно искуство или финансиска способност.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Важно: Пред да започне подготовката на апликацијата, треба внимателно да се прочита целокупната документација на повикот - упатството за апликантите, условите за повикот, буџетските правила, формуларите и сите прилози. Краткиот опис на повикот не треба да биде единствен извор на информации.

2.2 Проверка на подобноста

Откако ќе се идентификува потенцијално соодветен повик, компанијата треба да направи проверка дали ги исполнува условите за аплицирање.

Оваа проверка треба да опфати:

- **Подобност на апликантот:** Дали компанијата е регистрирана во земјата/регионот опфатен со повикот? Дали нејзината големина, правен статус и дејност се прифатливи?
- **Подобност на проектот:** Дали планираната инвестиција или активност е дозволена? Дали одговара на целите и приоритетите на повикот?
- **Финансиска подобност:** Дали компанијата има капацитет да го обезбеди сопственото кофинансирање? Дали постојат ограничувања поврзани со долгови, загуби, државна помош или други финансиски услови?
- **Временска подобност**: Дали активностите може да започнат и завршат во периодот дозволен со повикот? Дали трошоците направени пред одобрувањето се прифатливи или не?

Практично е компанијата да изработи кратка **контролна листа за подобност** и да не продолжува со целосна подготовка на апликацијата доколку не ги исполнува основните услови.

2.3 Развивање на проектната идеја

Проектната идеја треба јасно да објасни **кој проблем сака да го реши компанијата, што ќе направи, како ќе го направи тоа и каков резултат ќе постигне.**

Добро подготвената проектна идеја треба да содржи:

- **Проблем/потреба:** што треба да се подобри или промени;
- **Општа цел:** што сака компанијата да постигне;
- **Специфични цели:** конкретни и мерливи резултати;
- **Активности:** што конкретно ќе се спроведе;
- **Резултати:** што ќе биде постигнато со проектот;
- **Индикатори:** како ќе се измери успехот;
- **Целни групи/корисници**: кој ќе има корист од проектот;
- **Временска рамка:** кога ќе се реализираат активностите;
- **Одржливост:** што ќе остане како резултат по завршувањето на проектот.

Целите треба да бидат реални и, кога е можно, **SMART** - специфични, мерливи, остварливи, релевантни и временски определени.

На пример, наместо „да се подобри дигитализацијата на компанијата“, поконкретна цел е: „да се воведе дигитален систем за управување со производството со цел да се намали времето потребно за обработка на производните податоци за 20% во рок од 12 месеци“.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

2.4 Подготовка на проектниот предлог

Проектниот предлог треба да претставува логична целина во која потребата, активностите, буџетот и очекуваните резултати се меѓусебно поврзани.

При пишувањето треба да се избегнуваат општи и декларативни формулации. Проценителот треба јасно да разбере:



Посебно внимание треба да се посвети на усогласеноста со целите на повикот. Дури и добро осмислен проект може да биде неуспешен доколку не одговара на приоритетите на конкретната програма. Проектот треба да покаже и поширок ефект, кога тоа е релевантно.

2.5 Подготовка на буџетот

Буџетот треба реално да ги одразува активностите на проектот. Секоја поголема буџетска ставка треба да има јасна врска со конкретна активност и очекуван резултат.

Пред подготовката на буџетот треба да се провери:

- кои трошоци се прифатливи;
- кои трошоци се исклучени;
- дали постојат максимални износи по категорија;
- дали е дозволено купување опрема;
- дали се прифатливи трошоци за услуги, консултанти, обуки, софтвер, лиценци или инфраструктура;
- дали ДДВ е прифатлив трошок;
- дали е потребно сопствено кофинансирање;
- дали постојат правила за набавки и прибирање понуди.

Буџетот не треба да биде ниту неоправдано висок ниту нереално низок. Секоја ставка треба да биде **неопходна, оправдана и соодветна на пазарните цени.**

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Важно е да постои целосна усогласеност меѓу наративниот дел и буџетот. Доколку во проектот се наведува дека ќе се набави одредена опрема, таа треба да биде соодветно прикажана во буџетот.

2.6 Прибирање на потребната документација

Паралелно со подготовката на проектот треба да започне и прибирањето на административната и финансиската документација. Секој повик има свои критериуми, барања и обрасци, а конечната листа на документи кои треба да бидат поднесени детално се наведени во Call Guidelines за секој поединечен повик.

Во зависност од повикот, може да се бараат:

- доказ за регистрација на компанијата;
- тековна состојба или друг документ за правниот статус;
- финансиски извештаи;
- потврди за платени даноци и придонеси;
- банкарски податоци;
- изјави потпишани од овластено лице;
- документи за сопственичката структура;
- понуди или профактури за планираните набавки;
- докази за претходно искуство;
- документи поврзани со имот, лиценци или дозволи;
- други специфични документи предвидени со повикот.

Доколку се поднесува пријава на некоја програма на ЕУ (Horizon, Digital Europe, Erasmus+, Life, Creative Europe, Interreg…), организацијата треба да биде регистрирана во EU Funding & Tenders Portal – Participant Register и да добие PIC-број. Податоците за организацијата потоа се проверуваат од Европската комисија.

Документите треба да бидат **важечки на денот на поднесување**, во бараниот формат и, кога е потребно, заверени, потпишани или преведени.

Компанијата треба да има интерна контролна листа со сите документи и одговорното лице за нивно обезбедување.

2.7 Рокови и поднесување

Рокот за поднесување е еден од клучните елементи на секој повик. Не треба да се чека последниот ден за поднесување, особено кога апликацијата се доставува преку електронски систем.


Препорачливо е да се воспостави интерен рок најмалку неколку дена пред официјалниот рок. Тоа овозможува време за:

- проверка на формуларите;
- корекција на технички грешки;
- проверка на прилозите;
- проверка на потписите;

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

- проверка на големината и форматот на документите;
- повторно поднесување доколку системот има технички проблеми.

Пред финалното поднесување треба да се направи **последна проверка на целата апликација,** според официјалната контролна листа на повикот.



2.8 По поднесувањето

Поднесувањето на апликацијата не го завршува процесот. Компанијата треба да ја следи комуникацијата со институцијата или донаторот и навремено да одговори на евентуални барања за дополнителни информации или појаснувања.

Доколку проектот биде одобрен, следуваат активности поврзани со потпишување договор, исполнување на условите за финансирање, реализација на активностите, финансиско следење, набавки, известување и, во зависност од програмата, ревизија или контрола.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Одобрената апликација треба да се третира како **план за реализација на проектот**. Сите значајни отстапувања од одобрениот буџет, активностите или временската рамка треба да се разгледаат согласно со правилата на конкретната програма и, доколку е потребно, претходно да се одобрат од донаторот.

ПРАКТИЧНА КОНТРОЛНА ЛИСТА ПРЕД ПОДНЕСУВАЊЕ

Пред финалното поднесување, компанијата треба да провери дали:

- ✓ Исполнети се сите услови за подобност;
- ✓ Проектот директно одговара на целите на повикот;
- ✓ Проблемот и потребата се јасно образложени;
- ✓ Целите се конкретни и мерливи;
- ✓ Активностите се јасно дефинирани и временски распоредени;
- ✓ Очекуваните резултати и индикатори се јасни;
- ✓ Буџетот е реален и сите ставки се оправдани;
- ✓ Буџетот е усогласен со активностите;
- ✓ Обезбедена е целокупната задолжителна документација;
- ✓ Сите документи се во бараниот формат и се валидни;
- ✓ Апликацијата е потпишана од овластено лице, доколку тоа е потребно;
- ✓ Апликацијата е поднесена преку правилниот систем/канал;
- ✓ Апликацијата е поднесена пред истекот на официјалниот рок;
- ✓ Потврдата за успешно поднесување е зачувана;

ПРАКТИЧЕН СОВЕТ: Не започнувајте со пишување на апликацијата пред да ги прочитате условите за повикот. Најчестата грешка е проектната идеја да се подготви однапред, а потоа да се „прилагодува“ на повикот. Подобар пристап би бил прво да се анализира повикот, а потоа проектот да се конципира така што јасно ќе одговори на неговите цели, критериуми и барања.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

3 Евалуација и селекција

Процесот на евалуација обезбедува непристрасна проверка на административната усогласеност, техничката изводливост, финансиската одржливост и развојниот ефект на секој поднесен проектен предлог.

3.1 Систем на бодување

Евалуацијата ја спроведуваат независни стручни проценители според бодовна скала со однапред утврдени прагови на квалитет за секој посебен критериум:

- **Иновативност:** Се вреднува технолошкиот новитет на решението (како вештачка интелигенција, напредна автоматизација или безбедносни дигитални протоколи) во однос на постојните пазарни стандарди. Се проверува јасноста на техничката методологија, нивото на технолошка подготвеност и реалноста на поставените работни задачи.
- **Одржливост:** Се оценува потенцијалот на дигиталното решение да продолжи со самостојно функционирање и по исцрпувањето на грантот. Задолжително се анализира планот за комерцијализација и практична експлоатација, како и придонесот за зелената транзиција, заштитата на ресурсите и зголемувањето на енергетската ефикасност.
- **Создавање работни места:** Се бодуваат мерливите ефекти врз економскиот раст: отворање нови работни места со фокус на стручни технолошки профили, зголемување на извозот и продуктивноста, како и обука, доквалификација и преквалификација на постојниот кадар за работа со новите алатки.
- **Квалитет на изведбата**: Се проверуваат оправданоста на предложениот буџет, реалната распределба на ресурсите, капацитетот на проектниот тим и мерките за намалување на оперативните ризици.

3.2 Транспарентност и постапка за жалби

- **Збирна евалуација:** Секој апликант задолжително добива писмен извештај што ги содржи доделените бодови по категории и детални стручни коментари, во кои прецизно се наведени силните и слабите страни на проектниот предлог.
- **Јавна ранг-листа:** Списокот на позитивно оценети и одобрени проекти, заедно со доделените износи, се објавува јавно на официјалниот веб-портал на програмата.
- **Постапка за приговори**: Апликантите имаат право да поднесат официјален приговор во рок од 7 до 15 дена од приемот на резултатите, исклучиво во случај на процедурални грешки, формални пропусти или прекршување на правилата на повикот. Жалбената комисија врши само правно-административна проверка, без преоценување на техничката вредност.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

4 Спроведување и известување

Одобрените апликации преминуваат во фаза на правно регулирање, оперативно извршување на задачите и финансиски надзор.

4.1 Потпишување договор

- **Подготовка на договор:** Избраните корисници ги усогласуваат техничките спецификации, детелниот буџет и динамиката на реализација со проектната единица.
- **Административни услови:** Пред потпишувањето, примателот на грантот доставува доказ за отворена наменска банкарска сметка исклучиво за проектните трансакции, обновени уверенија за намирени даноци и цврст доказ за сопствено кофинансирање (најчесто од 30% до 50% од вредноста на проектот) преку банкарски извод или деловна одлука.
- **Почеток и аванс:** По формалното потпишување се дефинира почетниот датум за преземање обврски и се исплаќа предвидениот дел за претфинансирање (аванс).

4.2 Обврски за следење и известување

- **Периодични извештаи:** Редовно писмено известување за реализацијата на зацртаните фази, контролните точки, техничките резултати и оправданоста на трошоците настанати во тековниот период.
- **Завршен извештај:** Сеопфатна техничка и финансиска рекапитулација со конкретни докази за испорачаните решенија и анализа на остварените ефекти во споредба со поставените цели.
- **Теренски увиди**: Овластени лица вршат непосредни теренски проверки на локацијата на компанијата со цел верификација на монтираната опрема, софтверските системи и реалниот напредок на процесите.

4.3 Барања за ревизија и усогласеност

- **Подобност на трошоците:** Средствата смеат да се користат строго наменски за однапред дефинирани позиции: набавка на машини и хардвер, софтверски лиценци, надворешни стручни услуги и исплата на работни часови на лица директно вклучени во активностите. Набавките мора да се водат според транспарентни процедури со конкурентни понуди.
- **Финансиска ревизија:** Независен овластен ревизор врши темелна проверка на сите фактури, платни налози, изводи и договори пред одобрувањето на завршната исплата.
- **Чување документација:** Корисникот законски мора да ја чува целокупната оригинална техничка и сметководствена документација најмалку 3 до 7 години по официјалното завршување, заради евентуални контролни увиди.

Co-funded by the European Union
EDIH European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

5 Услуги за поддршка


За правилна подготовка и успешно водење на проектните активности, претпријатијата можат да се потпрат на институционалните структури во земјата:

5.1 Стопански комори



- **Информирање:** Постојано известување на членките за отворени јавни повици, рокови и услови за аплицирање.
- **Обуки:** Организирање работилници за јакнење на дигиталните вештини, примена на безбедносни стандарди и техники за изработка на предлог-проекти.
- **Деловно вмрежување:** Поврзување на претпријатијата со домашни и странски софтверски програмери, снабдувачи на опрема и академски установи.

5.2 ДигитМАК и Европска мрежа на бизнис-можности (EEN)



- **Партнерства:** Пристап до меѓународна база на податоци за пронаоѓање партнери при формирање конзорциуми за фондовите на ЕУ.
- **Дигитална зрелост:** Бесплатна советодавна проценка на технолошкиот капацитет на компанијата и помош при изготвување стратешки патоказ за дигитализација.
- **Интернационализација:** Советување за настап на заедничкиот пазар, почитување на меѓународни регулативи и управување со правата од интелектуална сопственост.

Co-funded by the European Union
EDIH European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

5.3 Консалтинг и советодавни услуги

- **Подготовка на апликации:** Стручна помош од специјализирани советници за прецизно дефинирање на проектната логика, временската рамка и буџетот.
- **Техничко тестирање:** Соработка со иновациски центри за пробно тестирање на технологиите пред инвестирање, дефинирање технички барања и системска интеграција.
- **Правни и финансиски упатства:** Специјализирана помош за заштита на личните податоци, авторски права за софтверски решенија и правилно водење на наменското сметководство.

⚠ Клучни ризици и аспекти за разгледување

- **Сложена документација:** МСП честопати не успеваат поради некомплетни апликации.
- **Барања за кофинансирање:** Најголемиот дел од грантовите налагаат сопствено учество од 30% до 50%.
- **Рокови:** Повиците се временски строго ограничени; пропуштањето на рокот значи чекање до следната година.
- **Конкуренција:** Конкуренцијата во рамки на програмите на ЕУ е исклучително силна; формирањето партнерства ги зголемува шансите за успех.

✓ КОРИСНИ СОВЕТИ

01 Проверете ја вашата подобност: Потврдете дека вашето претпријатие ги исполнува критериумите за МСП според македонското законодавство и специфичните барања на програмата (сектор, големина, регистрација).

02 Идентификувајте го соодветниот фонд: Разгледајте ги достапните државни програми (Министерство за економија, ИНОВА, Министерство за земјоделство) и фондовите на ЕУ (Horizon Europe, Erasmus+, IPA III) за да изберете инструмент во согласност со вашите проектни цели.

03 Подгответе ја компаниската документација: Приберете тековна состојба/потврда за регистрација, потврда за платени даноци, финансиски извештаи и доказ за сопственичката или управничката структура.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

04 Дефинирајте ја проектната идеја: Напишете јасен проектен концепт со дефинирани цели, очекувани резултати и поврзаност со приоритетите за иновации, конкурентност или одржливост.

05 Изработете буџетски план: Наведете ги сите трошоци (опрема, кадар, надворешни услуги) и осигурете се дека можете да го покриете сопственото кофинансирање, кое најчесто изнесува 30–50% од вредноста на проектот.

06 Пополнете го образецот: Внимателно пополнете го официјалниот формулар за аплицирање, прикачете ги сите потребни документи и направете двојна проверка на комплетноста на документацијата пред поднесувањето.

07 Поднесете пред крајниот рок: Испратете ја апликацијата преку официјалниот веб-портал или по е-пошта според насоките и погрижете се да биде доставена пред истекот на рокот.

08 Подгответе се за евалуација: Бидете подготвени да одговорите на барања за појаснувања од проценителите; истакнете ја иновативноста, отворањето работни места и усогласеноста со стандардите на ЕУ.

09 Потпишете го договорот за грант: Доколку сте избрани, разгледајте го и потпишете го договорот за финансирање, обрнувајќи посебно внимание на обврските за известување и следење.

10 Спроведете и известувајте: Реализирајте ги проектните активности, водете уредна евиденција и сметки, како и редовно доставувајте извештаи за напредокот и завршни извештаи до финансиерот.

🔑 Дополнителни совети за оние што аплицираат за прв пат

- **Започнете постепено:** Прво аплицирајте на национални програми (Министерство за економија, ИНОВА) пред да се обидете со грантови на ниво на ЕУ.
- **Побарајте поддршка:** Стопанските комори, Европската мрежа на бизнис-можности (EEN) и консултантските агенции можат значително да ви помогнат при подготовката на апликациите.
- **Планирајте однапред:** Повиците се временски строго ограничени; навремената подготовка на документите спречува стрес во последните моменти.
- **Размислувајте за партнерства:** Програмите на ЕУ често бараат меѓународни партнери — вмрежувајте се навреме со цел формирање силни конзорциуми.

Co-funded by the European Union
EDIH European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

6 Национални фондови и програми за финансирање

Достапноста до финансирањето подразбира да се има детален преглед на најзначајните национални извори на финансирање достапни за малите и средните претпријатија во Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и условите за кофинансирање и максималните износи на поддршка, како и практични насоки за подготовка на успешна апликација за грант (извор на средства: пари или опрема).

Во овој дел од водичот се прикажани релевантните институции кои управуваат со националните фондови и програми, како и насоки за подготовка на успешна апликација за грант.

6.1 Извори на финансирање - Национални фондови и програми

6.1.1 Министерство за економија и труд – во моментов нема активни

Јавните објави/огласи содржат назив на повикот од надлежното министерство, повикување на програма/акт врз основа на кој се објавува повикот (со број и датум на службен весник во кој е објавена), предмет на повикот (прецизен опис за тоа што конкретно се финансира, вкупен буџет наменет за мерката, процент и максимален износ на надомест по барател, временски период за кои трошоци важат), право на учество и ограничување (кој може да учествува, шифра на дејност, класификација, сектор), потребна документација (список на обрасци кои треба да се пополнат, докази за трошоци, услови за странски документи, начин на заверка на фотокопии, распределба на средства, начин и рок на поднесување, рок за аплицирање, контакт информации, потпис и одобрување.

Потребно е редовно да се следи веб-страницата на Министерството за економија и труд.

Министерството за економија и труд **управува со неколку програми наменети за поттикнување на конкурентноста и извозниот потенцијал на домашните компании, кои на годишно ниво се дефинираат во Годишна програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествената одговорност.** Годишните јавни повици обично се објавуваат на веб-страницата на министерството, а средствата се доделуваат по спроведен административен и стручен преглед на поднесените барања. Преку разни јавни повици кои се објавуваат во текот на годината, Министерството вообичаено обезбедува поддршка низ неколку типови мерки: инвестиции во опрема, конкурентност и стандарди, зелена/дигитална трансформација, соработка бизнис-академија и поддршка на претприемачкиот екосистем. Министерството и формално ги поставува ММСП, конкурентноста на индустријата, зелената и циркуларната економија, дигитализацијата, извозната подготвеност и соработката со бизнис-академија како приоритети. Во продолжение е даден сумарен приказ на типовите поддршка кои вообичаено се нудат преку јавните повици, преку примерот на јавните повици за 2026 година:

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

Тип на поддршка	Што се финансира	Начин на финансирање	Максимум по корисник/ проект
Соработка со бизнис-академија	Заеднички проекти на компании и универзитети, кои може да опфатат истражување, развој, иновации, пренос на знаење и технологии, користење на лабораториите при универзитетите за испитување и истражување, изработка на проектна документација за подобрување и унапредување на технолошкиот процес и производ, воведување на концептот на циркуларна економија, поддршка на зелена и дигитална трансформација, стручна анализа, консултација и специјализирана обука.	Кофинансирање, до 70% од докажаните трошоци	до 500.000,00 денари по проект
Поддршка за деловните субјекти од преработувачка индустрија за набавка, имплементација, сертификација на стандарди	• набавка, спроведување, сертификација за хоризонтални стандарди, надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти од преработувачка индустрија; • други стандарди од областа на преработувачката индустрија; • стандардизациски документи и извештаи од областа на преработувачка индустрија, потребни за поддршка на развој, одржување и применување на општествено прифатливи практики на деловните субјекти, интернационализација и поголема конкурентност (Пр. SA 8000/извештајот од ревизија според: BSCI/SMETA/GOTS/STEP; Изработка на извештај за Environmental, Social and Governance (ESG) стандарди и практики; Изработка на извештај согласно со стандардот ESRS);	Кофинансирање, до 70% од докажаните трошоци	до 200.000,00 денари
Финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија и занаетчии	Набавка на нови машини и алати	Кофинансирање, до 40% од докажаните трошоци	до 200.000,00 денари

Co-funded by the European Union
EDIH European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

6.1.2 Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво (ИНОВА)

Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на РС Македонија – ИНОВА, како државна агенција е одговорна за спроведување мерки и активности за унапредување на иновациите, конкурентноста, науката и технолошкиот развој, зелената и дигиталната трансформација кај малите и средните претпријатија, како и за промоција на претприемништвото меѓу младите и невработените лица. ИНОВА работи во тесна соработка со Министерство за образование и наука, Министерство за економија и труд и Министерство за дигитална трансформација, чии општи надлежности опфаќаат изработка на стратешки документи, донесување и изменување на закони, иновациски програми и учество во Советот.

ИНОВА е правен наследник на две институции: Фондот за иновации и технолошки развој и Агенцијата за промоција на претприемништвото. Во годишната програма на ИНОВА се уредува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија.

Клучни инструменти за финансиска поддршка:

- Кофинансирани грантови за новоосновани стартапи и спин-оф компании;
- Кофинансирани грантови и поволни заеми за комерцијализација на иновации;
- Кофинансирани грантови за основање, работење и инвестиции во бизнис-технолошки акцелератори;
- Кофинансирани грантови за технолошка надградба;
- Кофинансирани грантови за паметна специјализација (зелени и дигитални технологии);

6.1.3 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Оваа институција управува со мерки за поддршка на земјоделскиот и прехранбениот сектор, финансирани и од националниот буџет и од европски претпристапни фондови. Потребно е редовно следење на објавените јавни повици во делот **Јавни огласи** на веб-страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, каде што детално се наведени условите за аплицирање.

Грантови за рурален развој – поддршка за набавка на опрема, модернизација на производните капацитети и усогласување со стандардите на Европската Унија.

ИПАРД III – програма кофинансирана од Европската Унија, наменета за модернизација и развој на агробизниси, вклучувајќи и преработка и пласман на земјоделски производи.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

6.1.4 Invest North Macedonia

Државна агенција задолжена за промоција на извозот и привлекување странски директни инвестиции (СДИ), која нуди советодавна поддршка, поврзување со партнери и информации за пазари.

6.1.5 Закон за финансиска поддршка на инвестиции

Целта на овој закон е поттикнување на економскиот раст и развој во Република Северна Македонија преку поддршка на инвестициите со цел зголемување на конкурентноста на економијата на Република Северна Македонија и на вработувањата. Давател на државна помош е Владата на Република Северна Македонија. Вкупната финансиска поддршка која може да биде исплатена согласно со овој и друг закон не може да надмине 50% од висината на реализираните оправдани инвестициски трошоци. За големи инвестициски проекти висината на финансиска поддршка од овој закон изнесува:

- до 50% од оправданите инвестициски трошоци за инвестициски проект до 50.000.000 евра;
- до 25% за делот на оправданите инвестициски трошоци за инвестициски проекти од 50.000.000 евра до 100.000.000 евра и
- до 17% за делот на оправданите инвестициски трошоци за инвестициски проект кои надминуваат 100.000.000 евра.

ПРЕГЛЕД НА УСЛОВИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Институција	**Намена**	**Кофинансирање**	**Максимален износ**
Министерство за економија и труд	Опрема (претприемништво)	до 40%	200.000 денари
Министерство за економија и труд	Сертификација (преработка)	до 70%	200.000 денари
Министерство за економија и труд	Соработка со бизнис-академија	до 70%	500.000 денари
ИНОВА	Иновации, дигитализација, зелена транзиција	варира	варира
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	Рурален развој / ИПАРД III	варира	варира
Invest North Macedonia	Извоз и СДИ поддршка	советодавна	-

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

6.2 Насоки за подготовка на успешна апликација за грант

Независно од тоа за кој фонд или програма се аплицира, искуството покажува дека апликациите кои се финансираат не се секогаш технички најимпресивните, **туку оние кои доследно го следат бараниот процес, одговараат на секој критериум за оценување и го олеснуваат прегледот на комисијата за оценување.** Следниве чекори претставуваат сведена, практична адаптација на меѓународно препознаени добри практики за пишување апликации за грантови.

Оценете ја сопствената подготвеност - проверете ја подготвеноста – обезбедете уредни и точни финансиски податоци, потврдете од каде доаѓа сопственото кофинансирање и определете едно лице кое ќе биде одговорно за целата апликација.

Изберете ја вистинската програма – споредете ги целите, обемот на дејност и степенот на технолошка/деловна зрелост на компанијата со условите на секоја програма пред да почнете со подготовка.

Прочитајте го повикот три пати – внимателно проучете ги повикот, критериумите за оценување, максималниот износ, крајниот рок и сите формални барања. Секој дел од апликацијата треба да произлегува директно од овие услови.

Структурирајте ја апликацијата – секоја апликација треба јасно да го опише проблемот, целите, методологијата, очекуваните резултати и влијанието, како и планот за спроведување и буџетот.

Подгответе реален буџет – изградете реален и документиран буџет по ставки (персонал, опрема, услуги, останати трошоци); избегнувајте нејасни ставки од типот „разни трошоци“.

Докажете финансиски капацитет – приложете докази за средствата наменети за сопствениот удел во финансирањето (изводи од сметка, одлуки на органи на управување, писма за намера).

Направете проверка на конзистентност – пред поднесување, проверете дали бројките во буџетот одговараат на опишаните активности и дали сите делови од апликацијата меѓусебно се усогласени.

Поднесете навреме – поднесете ја апликацијата пред крајниот рок, за да имате време за евентуално отстранување на технички проблеми.

Типична структура на апликацијата:

Иако секој јавен повик има свои специфични обрасци, речиси сите апликации за грант – без разлика дали се национални или европски – бараат апликантот да одговори на три поврзани прашања:

1. Што сакаме да постигнеме и зошто е важно? – опис на проблемот, целите и предложената методологија/активности.
2. Каков е очекуваниот ефект? – опис на резултатите, корисниците и начинот на кој проектот ќе продолжи да живее по завршувањето на финансирањето.
3. Дали можеме реално да го спроведеме? – работен план со активности и рокови, улоги на тимот и детален, документиран буџет.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

НАЈЧЕСТИ ГРЕШКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗБЕГНУВААТ:

- × Буџет кој не соодветствува со опишаните активности (преголем или премал во однос на обемот на работа).
- × Нејасни или неквантифицирани цели и резултати (на пр. „ќе се подобри конкурентноста“ наместо конкретни, мерливи показатели).
- × Недостаток на документи за сопственото кофинансирање (изводи од сметка, одлуки, писма за намера).
- × Ненавремено поднесување или нецелосна документација, кои често водат до административно отфрлање уште пред стручната оценка.

КАДЕ ДА СЕ БАРААТ ТЕКОВНИ ПОВИЦИ:

- ✓ Веб-страниците на Министерството за економија и труд и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – за објавени јавни повици и обрасци.
- ✓ Веб-страницата на ИНОВА – за отворени инструменти за поддршка и роковите за пријавување.
- ✓ Веб-страницата на Invest North Macedonia – за услуги за поддршка на извозот и странски инвестиции.
- ✓ Да се следат објави во Службен весник на РСМ и соопштенија на релевантните министерства – за најнови измени на условите на програмите.
- ✓ Електронска база на податоци за финансирање на ДигитМАК.

*** ЗАКЛУЧОК:** Успешната апликација за грант, без разлика дали се аплицира кај национална институција или кај ЕУ-програма, најчесто не зависи само од квалитетот на идејата, туку од тоа колку доследно е следен бараниот процес и колку јасно апликацијата одговара на секој поставен критериум. Тимот кој ќе аплицира за проект треба да ги искористи горенаведените чекори како контролна листа пред поднесување на секоја апликација.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

7 Можности и чекори за аплицирање на македонските компании на ЕУ програми

Европската Унија нуди широк спектар програми и финансиски инструменти кои се директно достапни за македонските компании, особено за малите и средните претпријатија (МСП), претприемачите, истражувачките центри и иноваторите. Како земја-кандидат со потпишани договори за соработка за повеќето од овие програми, Македонија има статус на „придружна земја“ (Associated Country), што значи дека **македонските правни субјекти имаат исти права и обврски при аплицирањето како и компаниите од земјите-членки на ЕУ.**

Во овој Водич се претставени клучните ЕУ-програми, нивните буџети, приоритетни области и начинот на кој македонските компании можат успешно да аплицираат и да обезбедат неповратни средства (грантови).

7.1 Преглед на клучните ЕУ-програми

7.1.1 Horizon Europe (Хоризонт Европа)



Ова е водечката програма на ЕУ за истражување и иновации. Таа е наменета за компании кои развиваат високотехнолошки решенија, пазарни согледувања со висок ризик, но и со голем потенцијал за раст, како и проекти за одржливост.

- **Приоритети:** Истражување и развој (R&D), радикални иновации, зелена транзиција, обновливи извори на енергија, здравство и напредни технологии.

- **Инструменти:** Особено привлечен за поединечни МСП е *EIC Accelerator* (Европски иновациски совет) кој нуди грантови и сопственички инвестиции, како и конзорциумски проекти (каде се бара соработка со партнери од други земји).

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

7.1.2 Digital Europe Programme (Дигитална Европа)



Програмата со фокусира на приближување на дигиталната технологија до бизнисите, јавната администрација и граѓаните.

- **Приоритети:** Вештачка интелигенција (AI), кибербезбедност, напредни дигитални вештини, суперкомпјутери и широко воведување дигитални технологии во економијата.
- **Намена:** Наменета за компании кои сакаат да ги дигитализираат своите процеси или развиваат софтверски решенија во овие критични области.

7.1.3 Single Market Programme - SMP (Програма за единствен пазар)

Оваа програма ја интегрира поранешната популарна програма **COSME.** Нејзиниот фокус е ставен на зајакнување на конкурентноста на пазарот и поддршка на малите бизниси.



- **Приоритети:** Конкурентност на МСП, пристап до пазари, интернационализација на бизнисот, намалување на административните бариери и развој на специфични индустриски кластери.
- **Мрежи:** Преку оваа програма функционира *Enterprise Europe Network (EEN)*, која на македонските компании им помага да најдат деловни партнери во странство.

7.1.4 Erasmus+ (Еразмус+)

Иако примарно препознаена како образовна програма, таа нуди сериозни можности за приватниот сектор преку проекти за мобилност и развој на вештини.

- **Приоритети:** Стручно образование и обука (VET), доопремување на работната сила, практикантство, прекугранична размена на искуства и соработка меѓу бизнис-секторот и академските институции.
- **Придобивка за компаниите:** Развој на човечки ресурси и воведување модерни европски практики во менаџментот или производството.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

7.1.5 IPA III (Инструмент за претпристапна помош)

Специфичен инструмент наменет за земјите кои се во процес на пристапување кон ЕУ.

- **Приоритети:** Регионален развој, капитална инфраструктура, заштита на животна средина, како и директни грантови за зголемување на конкурентноста на локалните МСП преку националните институции.
- **Начин на распределба:** Најчесто се администрира преку домашните министерства и фондови (на пр., преку ИПАРД за земјоделство или преку Министерството за економија).

7.2 Табеларен приказ на ЕУ-програми: буџет, максимален износ на грант и линкови до програмите

Следнава табела дава преглед на вкупните буџетски рамки на ниво на ЕУ (за периодот 2021-2027 г.), просечните износи на грантови по проект и официјалните платформи каде можат да се најдат повиците.

Име на програма	**Вкупен буџет на ЕУ (2021-2027)**	**Максимален износ на грант / Степен на финансирање**	**Официјален линк за информации и повици**
Horizon Europe	95,5 милијарди евра	До 40 милиони евра за големи конзорциуми; до 2,5 милиони евра за поединечни МСП (EIC). Финансирање: 70% - 100%.	EC Funding & Tenders Portal
Digital Europe	7,5 милијарди евра	Зависи од специфичниот повик (обично од 500.000 евра до неколку милиони). Финансирање: 50% - 75%.	Digital Europe Programme
Single Market (SMP)	4,2 милијарди евра	Мали и средни грантови (50.000 – 250.000 евра) за вмрежување, кластери и ваучери за иновации.	EISMEA - Single Market Programme
Erasmus+	26,2 милијарди евра	Од 30.000 евра (за помали партнерства) до 400.000 евра за сојузи за иновации. Финансирање: најчесто 80% - 100%.	Erasmus+ National Agency MK / EC Erasmus+
IPA III	14,1 милијарди евра	Варира на национално ниво. Грантови за МСП од 10.000 до 250.000 евра преку локални кофинансирани повици.	ЦФЦД Министерство за финансии / ЕУ Делегација во МК

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

7.3 Патоказ за аплицирање за македонските компании (чекор-по-чекор)

Процесот на аплицирање за ЕУ-фондови бара сериозна подготовка. Еве ги клучните чекори што секоја македонска компанија мора да ги преземе за да поднесе валидна апликација.

Чекор 1: Регистрација и добивање на PIC-број (Participant Identification Code)

За сите централизирани програми на ЕУ (Horizon, Digital Europe, SMP, Erasmus+), компанијата мора да има свој единствен идентификациски код.

- Се посетува официјалниот **Funding & Tenders Portal** на Европската комисија.
- Се креира кориснички профил (EU Login).
- Се внесуваат податоците за компанијата (назив, даночен број, тековна состојба). Системот генерира **9-цифрен PIC-број** кој се користи во сите идни апликации.

Чекор 2: Идентификација на соодветен отворен повик (Call for Proposals)

ЕУ фондовите не се доделуваат за општи деловни активности, туку за строго дефинирани цели.

- На порталот за финансирање се пребаруваат отворените повици по клучни зборови (на пр. "renewable energy", "AI logistics", "SME growth").
- Внимателно се чита **Водичот за апликанти (Guidelines for Applicants)** за конкретниот повик, каде се дефинирани: рокот, критериумите за подобност, буџетот и очекуваните резултати.

Чекор 3: Формирање на партнерство / конзорциум

Повеќето повици бараат учество на конзорциум од најмалку 3 независни правни субјекти од 3 различни придружни земји или земји-членки на ЕУ.

- Македонските компании можат да се пријават како **координатори** (лидери на проектот доколку претходно биле партнери во поголеми интернационални конзорциуми) или како **партнери** (што е препорачливо за почеток).
- За пронаоѓање партнери се користат алатките за "Partner Search" на самиот ЕУ-портал или се контактира локалната канцеларија на **Enterprise Europe Network (EEN)** во Северна Македонија.

Чекор 4: Изработка на проектен предлог и буџетирање

Апликацијата најчесто се состои од два дела:

- **Дел А (Административни податоци):** Се пополнува директно на електронската платформа (податоци за партнерите, буџетски табели).
- **Дел Б (Технички опис):** Се презема Word-шаблон кој детално се пополнува. Содржи три главни столбови: **Извонредност (Excellence), Влијание (Impact)** и **Спроведување (Implementation).** Буџетот мора да биде реален, економичен и директно поврзан со проектните активности.

Чекор 5: Поднесување и евалуација

- Проектот се поднесува електронски пред истекот на официјалниот рок (крајниот рок е секогаш елиминаторен).
- Независни експерти ангажирани од Европската комисија ја оценуваат апликацијата. Процесот на евалуација обично трае од 3 до 5 месеци.

Co-funded by the European Union
European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation



Co-funded by the European Union
EDIH European Digital Innovation Hubs Network
Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

European Digital Innovation Hub – DigitMak is co-funded by the European Commission through the EUROPEAN HEALTH AND DIGITAL EXECUTIVE AGENCY (HADEA), Grant Agreement N° 101269015

Co-funded by the European Union

EDIH European Digital Innovation Hubs Network

Republic of North Macedonia
Ministry of Digital Transformation

ABOUT DIGITMAK

DigitMak will establish a European Digital Innovation Hub in North Macedonia with a reinforced focus on Artificial Intelligence (AI), selected under the Seal of Excellence pathway. The Hub will compose two existing DIHs, the DigitMak Hub in Skopje and SEEU TechPark Hub in Tetovo. As both Hubs got the Seal of Excellence from the last call, the joint forces will bring better collaboration and a single unit of operation of the EDIH under the DigitMak name, thus covering a wider area of North Macedonia and targeting more stakeholders. The Hub will target SMEs, mid-cap companies, and public sector organizations, particularly those operating in underserved regions outside the capital. The hub will act as a one-stop shop and gate to the Network for SMEs, mid-caps, and public institutions. The Hub will offer a comprehensive portfolio of EDIH services, incorporating an AI dimension: Test before Invest, Training and Skill Development, Support for Finding Investments, and Networking and Access to Innovation Ecosystems. With strong ties to European AI Innovation Infrastructures and national actors, DigitMak will accelerate AI adoption and support the growth of digital maturity through inclusive, sustainable, and human-centric approaches. The project will contribute to network transitioning to EDIH2.0, offering first-line AI help desk, secure flexible AI client journeys, and promote AI uptake internally within DigitMak and its operation. DigitMak will enhance its network role, driving collaboration and advancing digital innovation, especially in AI, for its clients.

DigitMAK